# ЛИТЕРАТУРЕН ЗБОР

ЛИТЕРАТУРЕН ЗБОР

1–3 2021

ЛИТЕРАТУРЕН ЗБОР

1–3

СКОПЈЕ
2021

ISSN 0024-4791

# ЛИТЕРАТУРЕН ЗБОР

Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература на РС Македонија

Година LXVIII


Со указ на Претседателот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од декември 1978 година, Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на СР Македонија е одликуван со Орден на трудот со црвена ѕвезда.

Со указ на Претседателот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од ноември 1979 година, по повод дваесет и петгодишнината од излегувањето, а за особени заслуги и успеси постигнати во негувањето и развивањето на македонскиот јазик и литература, како и за значаен придонес за стручно издигнување на наставничкиот кадар, списанието „Литературен збор", орган на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на СР Македонија, е одликувано со Орден на трудот со златен венец.


Редакција: Лидија Тантуровска
(главен и одговорен уредник)
Јасмина Мојсиева-Гушева
Јасна Котеска
Гордана Алескова

Меѓународен редакциски совет на списанието
„Литературен збор" (2021):

Јан Соколовски
Љупчо Коцарев
Абрахим Х. Кан
Вера Смоле
Ева Д. Баховец
Емине Инанир
Александар Јерков
Татјана Росиќ-Илиќ
Јеспер Гарсдал
Наташа Станковиќ-Шошо
Ивица Баковиќ
Станислав Станковиќ
Примож Репар



Финансирано од Министерството за култура на Република Северна Македонија

ISSN 0024-4791


Списанието е основано во 1954 година.


**Прва редакција (1954–1955)**

ВАСИЛ ИЉОСКИ, МИРКО ПАВЛОВСКИ,
ХАРАЛАМПИЕ ПОЛЕНАКОВИЌ (главен уредник)
МИЛЕ ПОПОСКИ, АЛЕКСАНДАР СПАСОВ (одговорен уредник)
КРУМ ТОШЕВ (главен уредник)

**Главни и одговорни уредници**

АЛЕКСАНДАР СПАСОВ (1954–1955; 1961–1970), КРУМ ТОШЕВ (1956–1958), ТОДОР ДИМИТРОВСКИ (1959–1960; 1983–1987), БЛАГОЈА КОРУБИН (1971–1976), ВЕРА СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ (1977–1982), МИОДРАГ ДРУГОВАЦ (1988–1992), АТАНАС ВАНГЕЛОВ (1993), ЛИЛЈАНА МИНОВА-ЃУРКОВА (1991–1993), НАУМЕ РАДИЧЕСКИ (1995–1999), ЕМИЛИЈА ЦРВЕНКОВСКА (2000–2003), ЈАДРАНКА ВЛАДОВА (2004), СТОЈКА БОЈКОВСКА (2005–2006), ВЕРА СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ (2006–2010), УБАВКА ГАЈДОВА (2011–2013), СТАНИСЛАВА-СТАША ТОФОСКА (2014-2019), ГОРДАНА АЛЕКСОВА (2020), ЛИДИЈА ТАНТУРОВСКА (2021)

**Членови на Редакцијата**

ВАСИЛ ИЉОСКИ (1954–1958), ХРИСТО ЗОГРАФОВ (1956–1963), БЛАГОЈА КОРУБИН (1956–1958), АЛЕКСАНДАР СПАСОВ (1956–1960; 1971–1976), КРУМ ТОШЕВ (1956–1960; 1964–1971), РУЖА ПАНОСКА (1959–1960; 1972–1976), ТРАЈКО СТАМАТОСКИ (1961–1976), ДИМИТАР НАЈЧЕСКИ (1971–1976; 1983–1987), АТАНАС НИКОЛОВСКИ (1977–1982), АЛЕКСАНДАР ЏУКЕСКИ (1977–1982), МИХАИЛ ЈАНУШЕВ (1983-1987), ПЕТАР БАЧАНОВ (1988–1992), КИРИЛ КОНЕСКИ (1988–1990), ЛИЛЈАНА МИНОВА-ЃУРКОВА (1991–1993), ДИМКА МИТЕВА (1993), НАУМЕ РАДИЧЕСКИ (1994–1999), СТОЈКА БОЈКОВСКА (1994–1999; 2004–2005), СНЕЖАНА ВЕЛКОВСКА (1995–1999), ВАСИЛ ТОЦИНОВСКИ (2000–2003), ЛИЛЈАНА МАКАРИЈОСКА (2000-2003), ВЕСНА КОСТОВСКА (2004–2005), ЛИДИЈА ТАНТУРОВСКА (2005 –2006), ЈАСНА КОТЕСКА (2005–2006), СНЕЖАНА ВЕНОВСКА-АНТЕВСКА (2006–2010), ВИОЛЕТА ДИМОВА (2006–2010), ВЕСНА МОЈСОВА–ЧЕПИШЕВСКА (2011–2019), СТАНИСЛАВА–СТАША ТОФОСКА (2011–2019), УБАВКА ГАЈДОВА (2014), КАТИЦА ТРАЈКОВА (2015–2019), ЛИДИЈА ТАНТУРОВСКА (2020– ), ЈАСМИНА МОЈСИЕВА–ГУШЕВА (2020– ), ЈАСНА КОТЕСКА (2020– ), ГОРДАНА АЛЕКСОВА (2020– )



**Адреса**

Редакција на списанието Литературен збор –Лидија Тантуровска
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков"
ул. Григор Прличев, бр. 5 1000 Скопје, РС Македонија
Ракописите се испраќаат во електронска форма на следните адреси:
lidijatanturovska@yahoo.com, jasminamg@gmail.com,
jasnakoteska@yahoo.com, gor.teach@gmail.com


Ракописите што содржат графикони, скици, фотографии и сл. треба да се доставаат со сите придружни материјали. Редакцијата не ги разгледува неуредно доставените ракописи. Ракописите не се враќаат.


Порачките на Списанието се вршат на адреса:
Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература на РС Македонија,
Филолошки факултет „Блаже Конески", бул. Гоце Делчев 9А - Скопје,
РС Македонија (проф. д-р Лидија Тантуровска)

Трансакциска с-ка: 300000001279175 Комерцијална банка АД Скопје

| **Печатено во** | **Лектура** | **Техничко уредување** |
|---|---|---|
| ???????? | Бојан Петревски | Александар Штерјев |

ЛИТЕРАТУРЕН ЗБОР

ЛИТЕРАТУРЕН ЗБОР

ГОД. LXVIII ............................................С КОПЈЕ, 1–3 2021

## СОДРЖИНА

Предговор ........................................................................................................ 5

*ПОВОДИ*

*Вера Стојчевска-Антиќ*
РАЦИН И КОНЕСКИ
– ПОЕЗИЈА ШТО СПОЈУВА И ОБВРЗУВА..................................................7

**Трибина во КИЦ по повод 100 години од раѓањето на Блаже Конески (три текста)**

*Димитар Пандев*
БЛАЖЕ КОНЕСКИ ДЕНЕС .................................................................. 11

*Бојан Петревски*
АКТУАЛИЗАЦИЈАТА И
АВТОМАТИЗАЦИЈАТА КАЈ КОНЕСКИ....................................................17

*Бобан Карапејовски*
КОНЕСКИ И МИТОТ И КОНЕСКИ КАКО МИТ: ЗА
НАСЛЕДСТВОТО И НАШИОТ ОДНОС КОН НЕГО ........................ 23

*ЈАЗИК*

*Елка Јачева-Улчар*
ЗА НЕКОИ ОНИМИ ВО ЖИВОТОПИСОТ
НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ ....................................................................... 29

*Бојан Петревски*
ПОСТВЕРБАЛНИТЕ НЕИНТЕГРИРАНИ
КОНСТРУКЦИИ ВО „ДНЕВНИК ПО МНОГУ ГОДИНИ“ И
ВО „ДНЕВНИК ОД НИШКА БАЊА“ ОД БЛАЖЕ КОНЕСКИ....... 37

*Васил Дрвошанов*
НАЗИВИТЕ НА *ВИУЛИЦАТА* ВО МАКЕДОНСКИТЕ ГОВОРИ ... 47

*Марија Пандева*
МОДАЛНИОТ СПЕЦИФИКАТОР *НЕ СМЕЕ* ВО
МАКЕДОНСКИТЕ КРИВИЧНИ ЗАКОНИЦИ ................................. 57

*Христина Анѓелеска*
УПОТРЕБА НА ПАСИВНИТЕ КОНСТРУКЦИИ
ВО МАКЕДОНСКИТЕ КОЛУМНИ ................................................... 63

*ЛИТЕРАТУРА*

*Љупчо Коцарев*
МИТОСОТ И ЛОГОСОТ ВО ПОЕТСКОТО
ТВОРЕШТВО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ .............................................. 75

*Светлана Коробар*
ИДЕНТИТЕТСКИТЕ ОБЕЛЕЖЈА
НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ......................................................... 79

*Иван Антоновски*
ВОДАТА КАКО МИТОЛОГЕМА И ИНИЦИЈАЦИЈАТА ВО
*ГОЛЕМАТА ВОДА* ОД ЖИВКО ЧИНГО .......................................... 95

*Виолета Јорданова*
СЕМАНТИКАТА ВО *НИЕ, ВРАПЧИЊАТА*
ОД ЈОРДАН РАДИЧКОВ .....................................................................105

*НАСТАВА*

*Благица Петковска*
МЕТОДИКАТА И ПРЕДМЕТОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО
ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА ..............................................................115

*Марија Атанасова*
МЕТОДИ И ТЕХНИКИ НА УЧЕЊЕ ...................................................123

*Дијана Иѓњевска-Стојаноска*
НАСТАВА ОД ДАЛЕЧИНА ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА ...........135

*Жаклина Ѓорѓиоска, Лилјана Макаријоска*
КОН РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ТЕМАТА
*МОРФОЛОГИЈА* ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ
(СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА МЕНЛИВИТЕ ЗБОРОВИ) ................145

*Елена Ончевска-Агер*
*ПЕДАГОГИЈА ЗА ЗАРОБЕНИТЕ:* ЗА ВАЖНОСТА НА ДЕЛОТО
НА ПАУЛО ФРЕИРЕ ЗА МЕТОДИКАТА НА НАСТАВА ..............159

*КОМУНИКАЦИИ*

*Ана Петреска*
РАСКАЗОТ И КУЛТУРАТА НА ГОВОРОТ ......................................167

*ПРИКАЗИ*

*Татјана Гочкова-Стојановска*
ПРИКАЗ НА КНИГАТА „ЛИНГВИСТИЧКИ СТУДИИ
ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК II: СОЦИОЛИНГВИСТИЧКИ
ТЕМИ – ЈАЗИКОТ И НОРМАТА“ .....................................................181

**Бобан Карапејовски**

## КОНЕСКИ И МИТОТ И КОНЕСКИ КАКО МИТ: ЗА НАСЛЕДСТВОТО И НАШИОТ ОДНОС КОН НЕГО

(Трибина во КИЦ по повод 100 години од раѓањето на Блаже Конески)

Да се зборува денеска за Конески е двојно потешко од кога било претходно. Прво, зашто со мене тука стојат уште двајца исклучителни познавачи на неговиот лик и дело. Потоа, зашто за него, навистина, многу е пишувано, а уште повеќе, веројатно, зборувано. И, конечно, зашто во оваа година на одбележување 100 години од неговото раѓање ваквите пригодни собири и говори ќе бидат исклучително чести, а некои од нив, веројатно, и мошне квалитетни.

Па, така, пребарував по својата меморија за да најдам тема достојна за оваа година, но и (релативно) невообичаена. И, тоа на што се досетив ми изгледаше колку интересно толку и контроверзно: да се обидеме да направиме еден пресек на денешницата преку погледите на Блаже Конески, па така не да зборуваме за личноста Конески од денешна перспектива, односно за Конески каков што го перципираме од соодветнава историска дистанција – каков што е насловот на нашето денешно среќавање – туку да зборуваме за тоа како би изгледал тој денес, во актуелното окружие. Тоа, се разбира, е повеќе во доменот на фантастиката отколку во доменот на реалноста, но, ако се потрудиме, можеби можеме да направиме предвидувања блиски до она што би било, имајќи го предвид она што било и она што е.

Затоа, работниот наслов на моето денешно излагање е – „Конески и митот и Конески како мит: За наследството и нашиот однос кон него“.

И, првото нешто што ми падна на ум, а ми го имаше посочено токму колегата Петревски, при едно наше коментирање на некои актуелни општествени состојби, за да го слушнам потоа, на еден друг собир, сега скоро, пред месец, на нашите факултетски Филолошки читања за Конески, и од проф. Пандев, е една исклучително парадигматична реченица од текстот „Македонската литература и македонскиот литературен јазик“ од 1945

година, каде што тој вели: „Наша е иднината. А тоа значи, дека стануе наше и минатото...“

Ако подзастанеме за момент и погледнеме што вели и Орвел, вистина е дека тој што ја контролира сегашноста, ја контролира и иднината, а само оној што ја има „под свое“ иднината – може да го обликува минатото. Тоа денес е мошне актуелна тема. Сепак, да го видиме целиот контекст. Конески вели: „Ние сега ја основаме својата култура. Наша е иднината. А тоа значи, дека стануе наше и минатото, и ние на него, фалсифицирано досега, ке фрлиме јарка светлина, со заграб, зашто за нас е јасно како бел ден дека целиот развој, па тука и на нашата литература од порано, е нужен чекор по чекор до денешниов ден, кога македонскиот народ за прв пат во слобода ја твори својата национална култура.“

Па, сепак, нели овие теми се актуелни и денеска, 76 години откако се изговорени од Конески? И, уште пострашно, нели е сосема вознемирувачко што е ова сè уште актуелно, наместо да биде чист анахронизам, спорадична пројава на некои што заталкале во некое претходно време, свртени кон надминати теми!?

А, бидејќи нема историја без мит и, особено, нема нација без митоманија, Конески ќе рече, за текстовите собрани под заеднички назив „Светот на песната и легендата“: *Во нив освен мишскиѿе содржини, ӣреломени на различни начини, наоѓааѿ месѿо и миѿоманскиѿе соблазни од ӣосѿаро и ӣоново време.* Внимавајте: митоманските **соблазни**. Ако **соблазна** го толкуваме преку неговиот многукратен контекстуален синоним – **искушение** – тогаш е јасно зошто ни се повторуваат историските искушенија како митомански соблазни: не можеме да се задоволиме со делото на Демијургот (како што вели Конески во текстот „Совпаѓања“), во нас се пројавува противење кон стварноста каква што е, зашто ние имаме претстава за неа каква што мислиме дека треба да биде. Па, затоа, каде ќе беше Конески денеска, ако мораше да избере меѓу иднината (за да стане наше минатото) и сегашноста во која восликнува:

*Ние си одиме*

*само земјаѿа осѿанува.*

или често цитираното за дневнополитички ефект, без да се влезе во длабочитаната:

*Славно име имаме, ќе се обидат да ни го земат.*

Но, лажна е дилемата за тоа што ќе избереше тој пред ваквите искушенија и/или соблазни.

Зашто, името тука може да биде nomen, ама може да биде и битот, односно знакот, а не само сопствената именка со која се означува нештото. Впрочем, за знакот и значењето како идентитетски белег – тој зборува често. И, обично тие што ги бранат таквите вредности, повикувајќи се на Конески и обвинувајќи ги другите за лажни пророштва, обично тие се оние што се тргнати по патот на месијанската умисленост, а таквите спасители се умножуваат особено во вакви години и Конески денес го (зло)употребуваат за своите агенди. Па, така, правејќи го она против што се крева тој, митоманските соблазни, тие му подлегнуваат на искушението и тргаат со мечот, мавтајќи неодмерено, сосема неумерено судејќи, искажувајќи зазор кон судиите, а самите правејќи го она против што го креваат гласот. Денеска – при криза на своите – многумина сè уште се потпираат на неговите идеи, некогаш и преку неодмерени дневнополитички бранења на ненападнатите – јазик и Конески."

Зашто, лесно е денеска да се воспева Конески. Но, што значи да се споделува длабокиот усет, но и длабоката тага од сето сторено и за сето пропуштено додека се правело она што морало да се сврши.

*Еве на врвот се искачив. Сам.*
*Тука не ме следи око ничие.*
*И што? Јас во себе пак го шепотам*
*жалосниот сон на своето величие.*

Или, во претсмртниот препев на Носорог од Готама Буда, каде што своите заложби или целокупното свое живеење како да го искажува преку изборот не само на песната туку и на рефренот:

*Самотен оди како носорог.*

Еден од најверните проучувачи на Конески, идејниот творец и прв редактор на Критичкото издание на неговите целокупни дела во МАНУ, Милан Ѓурчинов, ќе рече:

„Точно е дека на таков начин е завршен циклусот, т.е. дојде крајот на Големите утопии и Големите наративи, како што нѐ убедуваат во тоа лидерите на постмодернизмот. Но, се поставува прашањето: Дали таквиот расплет значи дефинитивно исчезнување на историските перспективи за целокупниот човечки род, дали со тоа исчезнува потребата, или барем желбата, за појавата и афирмацијата на новите идеи, кои кај нас одново и одново и на нов начин би биле обединувачки и би биле од поголема полза за сето човештво пред сегашниве сѐ подлабоки разлики, поделби и оддалечувања на едни од други?"

Времето на големите наративи веќе е поминато и сосема одминато. Зашто, големите наративи и утопии се мит. Но, зарем е можно да се опстојува без таквите привиди, имајќи предвид дека се само привиди, без можност да станат реалност!?

А, кога ги браните таквите наративи, тоа треба да се прави кроце, пополека, бавно; избрано да се глаголи со достојни глаголи, не е секој збор заслужен за да биде почетокот на Словото и почетокот на светот, но со секој збор може да се создаде свет:

*Чувај г̄о зборот̄ добро врзан*
*како необучен коњ*
*шт̄о знае*
*да каса, да клоца, да мава.*
*Чувај г̄о!*
*Зашт̄о*
*ако г̄о п̄ушт̄иш т̄ака*
*разог̄лавен п̄о чаирит̄е,*
*којзнае која луда г̄лава*
*ќе п̄осака*
*да г̄о јава.*

Внимателно! Откако ќе создадете свое мало митско катче со споулавени зборови, пуштени без оглав, разуздани и необуздани, потоа ќе се најдете во исклучително неблагодарна ситуација: привидот, кажувањето, расказот како сторија од што произлегува (и)сторија – да го промовирате како реалност. Зашто, нели, кажаното е кажано, зборот е збор, митот е мит, а за нашиот денешен јубилар – зборот е песна, а тие...

*Неук, си мислев:*

*ӣа ӣие ӣака*

*случајно се јавувааӣ.*

*А сеӣа назад ӣоӣледувам,*

*ӣледам –*

*ӣа ӣие ме обврзувааӣ!*

Зборот обврзува. Зборот е образ, чест. Но, зборот не смее да стане мит. Повлекувањето на кажаниот погрешен збор не е обврската за која пее Конески.

Кога доаѓаат клучни, преломни мигови, каде треба да се постави човек? Каде се постави Конески во судирот на реалистите и модернистите. Сведочи Ѓурчинов: „Овде треба посебно да биде издвоено и нагласено местото на поетот Блаже Конески во настанатата поларизација. Тој не му припаѓаше на ниту еден книжевен блок и настојуваше да ја одржи својата независна позиција, која резултираше со стихозбирката „Везилка“, врвно остварување на македонската лирика, која импонираше со својата отвореност кон светот, со еден европски и светски универзализам без граници и без какви-годе ограничувања.“

Па, ако одиме по примерот на Конески, можеби не треба да се заземе страна, туку својата мисловна архитектура да се преточи во строителство на планот на уметноста или на планот на науката. Кога таа ќе се замеша во неестетички и општествени околности, поривот мора да се биде силен, сартровски достоен. Сѐ друго е предавство на професијата!

До кога треба да се гради извесен мит и колку е иронично дури и нашето денешно воспевање на Конески од негова перспектива, ако тоа не е искрено и ако е само славољубиво или со скриен наум?! Ете, и за тоа може да се најде соодветен одговор повторно кај Авторот:

„Не случајно се вели дека е најдобро човек навреме да си умре. Тоа важи особено за луѓе околу чие име се изградил некаков мит. Тој се создал поради подемот на личноста во даден момент и просто е жалосно да се гледа како забот на времето ја руши легендата“, ќе напише Конески во текстот „Мигот“.

Денеска ви зборував за познати настани, за познат човек, за други познати луѓе, користев познати стихови и некои познати или помалку познати цитати.

Андриќ вели: „Најголем ефект се постигнува во поезијата кога поетот ќе го изненади читателот со нешто познато“, а ќе продолжи Ѓурчинов: „...што поначесто го цитираше и нашиот Конески.“

Се надевам дека денеска ќе однесеме со себе извесна возбуда и изненада од познатото!